Писмо за поддршка на балетското образование

Интернационалното балетско училиште Bullfrogs Ballet School од Скопје е препознатливо со својата висока репутација што ја ужива меѓу професионалните балетски дејци како кај нас така и пошироко. Таа препознатливост се темели на квалитетното балетско образование кое се практикува во училиштето.

Во однос на воспитувањето на младите кадри од областа на танцовата уметност, училиштето ја применува најпрестижната метода на предавање. Тоа е методот на професор Ваганова вклучен во програмата за класичен танц, програма која ја користат државните кореогравски училишта ширум светот.

„Bullfrogs Ballet School“ е професионално балетско училиште и по точно определените нивоа на образование: 1.предучилишно образование, 2.основно образование и 3.програма за средно балетско образование. Секоја од различните наставни програми во Bullfrogs Ballet School е внимателно подготвена за да одговори на возраста, знаењето и протребите на учениците. Наставниците и инструкторите во училиштето се посветени на својата работа. Со ентузијазам и уметничката креативност тие го крунисуваат процесот на воспитување.

Покрај ова училиштето воведува практики со кои ја зголемува креативноста во образовниот процес. Преку својата продукција „Bullfrogs Ballet Production“ училиштето создава високо квалитетни балетски и музичко–сценски продукции одиграни во земјата и странство. Осмислениот концепт, за презентација на научените знаења на сцена, позитивно влијае на уметничкиот и културен развој на децата од сите возрасти. Истиот допринесува за развојот на комуникациите и поблиска соработка со домашни и странски училишта како и со театарски компании.

Мултикултурната средина во училиштето е уште една препознатлива, многу значајна боја од спектарот на образовниот процес која овозможува динамичен развој на личноста на децата од најразлични националности во Македонија и деца на странци кои престојуваат во нашата земја. Училиштето „Булфрогс“ водедува и дополнителни техники за развој во балетското образование кои исто така нудат раст и позитивни резултати. Концептот на работата во училиштето во основа ги предпочитува дисциплината, точноста, спонтаноста, концентрацијата, упорноста и истрајноста со кои се постигнува посакуваниот квалитет.

Од сите овие причини даваме искрена поддршка за работата на Bullfrogs Ballet School кое, како и досега така и во иднина ќе биде значаен уметнички дел од културниот напредок и танцовото образование во Македонија.

Проф. Д-р Филиповска Снежана

Филиповска Снежана

# РЕЦЕНЗИЈА

Шекспировата комедија „Сон на летната ноќ“ е предизвик за многу творци од најразлични видови уметности. Творештвото на Шекспир заслужува посебно внимание не само кај творците од драмската уметност туку и кај композиторите кои со посебен респект компонираат музика во најразлични инструмантални и театарски жанрови. Она што претставува најголем предизвик, предизвик кој не можел ни самиот Шекспир (најголемиот драматург на пишаниот збор) да го предпостави, е адаптирање на неговиот текст во пластична изваjаност на човековото тело, преку балетската уметност која на свој начин ги осмислува и употребува неговите генијално напишани зборови.

Балетската школа „Булфрогс Балет“ со Булфрогс Продукција извонредно се справува со овој предизвик. Со својата креативност и младешка свежина кореографот Александра Никифоровски го доближува балетскиот проект „Сон на летната ноќ“ до посакуваната цел, а тоа е – на основа на литературна класика, развивање на вистинските вредности во балетската уметност во Македонија. Инспирирана од светски реномираниот кореограф Џорџ Баланшин, кој балетот „Сон на летната ноќ“ во два чина, го поставува за неговата трупа New York City Ballet во 1962 година, таа успева на високо професионален начин да ја прилагоди кореографијата на исполнителите од балетската школа „Буфрогс“.

Претставата премиерно е изведена во јуни 2016 година во Македонски Народен Театар, во копродукција со националниот театар на Косово, како меѓународна соработка. Во кореогравската постановка на музика на Менделсон, музика не специјално пишувана за балет, преку музичко-кореогравските ликови се разоткрива содржината на делото. Богатството на ново конструирани танцови форми, разноликоста на балетските изразни средства, базирани на класичните примероци, истовремено го определуваат спектарот на бои во кои се препознава современиот начин на изразување во балетската уметност. Осовременувањето на балетската уметност на овој начин е придобивка која треба да се негува и која младите генерации балетски исполнители ги носи кон вистинскиот пат на развој.

Се надеваме дека нашиот критички осврт кон претставата и кон работата на балетската школа „Булфрогс“ ќе наиде на поддршка, од страна на Министерството за култура, за продолжување на изведбата на овој исклучителен проект.

Рецензент

Проф. Д-р Филиповска Снежана

Филиповска С.